Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 29/0306
28.02 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 17 февруари 2023 година, врз основа на примена жалба од „КВИР ЦЕНТАР“ Скопје – Здружение за сексуални и родови малцинства, за Интернет – порталот „Мама Гламур.мк“, (www.mama.glamur.mk) го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Интернет – порталот „ Гламур “, со текстот насловен „Трансродовата пејачка го украде шоуто во „Ѕвездите на Гранд“ – никогаш поженствена, нејзиниот татко со солзи на очите (видео)“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 10 .**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 1 февруари 2023 година, „КВИР ЦЕНТАР“ Скопје – Здружение за сексуални и родови малцинства поднесе жалба за текстот со наслов „Трансродовата пејачка го украде шоуто во „Ѕвездите на Гранд“ – никогаш поженствена, нејзиниот татко со солзи на очите (видео)“ објавен на 29 јануари 2023 година, на интернет – порталот „Мама Гламур.мк“, (www.mama.glamur.mk).

Во поднесена жалба се наведува дека коментарите содржат навредлив говор врз трансродовите лица и дискриминираат по основ на пол, род и припадност на маргинализирана група – ЛГБТК+ заедница. Во Член 20 – Одговорност за објавувањето коментари од читатели од Насоките за етичко известување на медиумите или од примената на Кодексот на новинари во онлајн сферата, законодавецот стипулирал дека: Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него. Бидејќи во овие коментари гледаме дека се навредуваат трансродовите лица, и фактот дека тие наши сограѓани ги читаат овие навредливи коментари со дискриминирачка содржина, цениме дека онлајн медиумот требал да ги согледна последиците од коментарите со говор на омраза кои можат да деградираат, да одвратат Трансродови лица да бидат успешни пеачи, успешни политичари и успешни луѓе во јавниот свет.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Мама Гламур.мк“, (www.mama.glamur.mk), и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот одговори на наводите на жалителот одговори дека не се согласува дека во спорната содржина постојат елементи на говор на омраза и дискриминација и дека во текстот афирмативно е претставено трансродово лице и истиот е објавен токму со цел да им се помогне, односно да се претставаат проблемите со кои се соочуваат овие лица. Медиумот смета дека ваквите коментари се недозволиви и колку што можат се обидуваат да ги отстранат истите, дека не можат постојано да вршиат мониторинг за она што луѓето дискутираат на социјалните мрежи, но дека секој недоличен коментар треба да биде отстранет.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 10.

***Член 10**: „Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…)“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на одржана на 17 февруари 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Најпрво, заклучија дека интернет порталот „Мама.Гламур.мк“ не е член на СЕММ и затоа наместо одлука усвоија мислење за текстот.

Во текстот под наслов „Трансродовата пејачка го украде шоуто во „Ѕвездите на Гранд“ – никогаш поженствена, нејзиниот татко со солзи на очите (видео)“, не содржи говор на омраза и дискриминаторски говор, напротив текстот е афирмативен кон ЛГБТК + заедницата. Според насоките за етичко известување на онлајн медиумите во делот за примена на членот 10 од кодексот на новинарите на Македонија се посочува дека Онлајн медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб-страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството. Од овие причини членовите на Комисијата за жалби смета дека интернет порталот „Мама.Гламур“ е одговорен за коментарите на нивната официјална страница на Фејсбук и доколку онлајн медиумот не може брзо да ги отстранува коментарите кои содржат говор на омраза и дискриминаторски говор кон трансродовите, лица најдобро е воопшто да не се споделуваат линкови на вакви текстови на социјалните медуими и да се објават на медиуми каде што може да се забранат коментарите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре образложено.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595